# О Г Л А С

**за доделување стипендии на магистранди и докторанди во работен однос од Еврејската заедница во Република Македонија 2022/2023**

За учебната 2022/2023 година ЕЗРМ ќе додели еднократни стипендии за магистранди и докторанди.Оваа година буџетот на ЕЗРМ за стипендии за магистранди и докторанди е во висина од 60.000,00 денари.

I. **Услови за доделување стипендија за магистранди**

Право на стипендија имаат кандидатите кои се запишани на магистерски студии, а се во работен однос и ги исполнуваат следните услови:

1. Да се запишани на магистерски студии во академската 2022/2023 година;
2. Да се редовни членови во ЕЗРМ со уредно платена членарина за 2022 година;
3. Да прикажале активно учество во активностите на ЕЗРМ;
4. Ограничувањето на возраста за магистранди е 30 години, односно, кандидатите ќе можат да аплицираат за оваа стипендија до 30 години (вклучително и 30. година);
5. Кандидатите имаат право да аплицираат за стипендијата максимум два пати во текот на студиите - за едногодишни мастер студии, кандидатите имаат право да аплицираат еднаш во текот на студиите, а за двегодишните мастер студии кандидатите имаат право да аплицираат два пати во текот на студиите.

При изборот предност ќе имаат кандидатите што имале поголем придонес во активностите во ЕЗРМ.

II. **Услови за доделување стипендија за докторанди**

Право на стипендија имаат кандидатите кои се запишани на докторски студии, а се во работен однос и ги исполнуваат следните услови:

1. Да се запишани на докторски студии во академската 2022/2023 година;
2. Да се редовни членови во ЕЗРМ со уредно платена членарина за 2022 година;
3. Да прикажале активно учество во активностите на ЕЗРМ;
4. Ограничувањето на возраста на докторанди е 35 години, односно, кандидатите ќе можат да аплицираат за оваа стипендија до 35 години (вклучително и 35. година);
5. Кандидатите имаат право да аплицираат за стипендијата максимум два пати во текот на студиите.

При изборот предност ќе имаат кандидатите што имале поголем придонес во активностите во ЕЗРМ.

**III. Начин и рок на пријавување**

Документите треба да се достават во ЕЗРМ, ул. Борка Талески број 24, секој работен ден од 8.00 до 16.00 часот, или по е-пошта на contact@ezrm.org.mk најдоцна до **25.12.2022 година.**

## IV. Потребни документи

1. Пополнета пријава за стипендија;
2. Потврда дека е запишан на студиска програма на магистерски или докторски студии;
3. Фотокопија или скенирани уверенија за испити од последната академска година.
4. Листа на побликувани научни или стручни трудови

## V. Евалуација на кандидатите, критериуми за избор и објава на резултатите

Добиените пријави за стипендија ќе се евалуираат од страна на комисија составена од претставници на ЕЗРМ, а номинирана од УО. При изборот, рангирањето на критериумите за избор е следниот:

1. Успех во студиите
2. Учество и придонес во активностите на ЕЗРМ

Услов за задржување и продолжување на стипендијата ќе биде активноста на магистрандот/докторандот во активностите на ЕЗРМ.

Апликациите до комисијата што ќе ги евалуира ќе пристигнат **анонимно** (под шифра) заради објективност во одлучувањето.

Избраните кандидати за стипендија ќе бидат директно известени по е-пошта.